ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-2803/8
Дата, Data 06.04.2023
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018) в.д.Директорот на ЈП Водовод и канализација-Скопје донесува

**О Д Л У К А**

за невршење на избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за работното место 1.**Соработник за професионална одговорност, во Одделение за професионална одговорност, со шифра КДР0102В03002, ниво В03, 1 (еден) извршител.**

2.Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 24.03.2023 година на веб страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје и веб страницата на Агенција за администрација, објавен е интерен оглас бр.03/2023 за пополнување на работното место .Соработник за професионална одговорност, во Одделение за професионална одговорност, со шифра КДР0102В03002, ниво В03, 1 (еден) извршител. со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0302-2803/6 од 05.04.2023 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавата и изводите од персоналното досие на пријавениот кандидат констатира дека на огласот е пријавен 1 (еден) кандидат со неуредна документација и за тоа состави записник од административна селекција бр.0302-2803/7 од 05.04.2023 година кој го достави до Директорот. Неуредноста на кандидатот се однесува на тоа што **кандидатот не е оценет со оценка А или Б на последното оценување од 23.11.2020 година.**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје.

ЈП Водовод и канализација-Скопје
в.д.Директор
М-р Драган Илиевски

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Пријавениот кандидат
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива